Уп. Бр.08-75/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арицома Груп а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Република Чешка, преку полномошник Татјана Поповски Булоски, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.06.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Арицома Груп а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Република Чешка над друштвата СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о., со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка и АЛОЕ спол с.р.о. со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 16.05.2023 година, а дополнето на 22.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Арицома Груп а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Република Чешка, со која Арицома Груп а.с. ќе стекне целосна контрола над друштвата СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о., со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка и АЛОЕ спол с.р.о. со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Арицома Груп а.с.** (Aricoma Group a.s.) е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании - особено Autocont AEC a.s. и AEC s.r.o. Autocont се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. AEC a.s. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии и е активна во 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

• Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

• Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

• Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање;

• Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место; и

• Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

**СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о.** се фокусира на снабдување со комплексни решенија во областа на информациските системи и други ИТ услуги. Основната дејност на компанијата е развој на софтвер за државна администрација по нарачка, развој и имплементација на прилагодени ИТ решенија според индивидуалните потреби на сите клиенти во јавната и комерцијалната сфера. СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о. нема зависни друштва.

**АЛОЕ спол с.р.о.** е компанија која се фокусира првенствено на развој и испорака на софтверски системи за државните органи кои им овозможуваат да го документираат управувањето и интерконекција со други државни организации и буџетски системи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.
Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително

спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**